#INNO4EDU

| Наслов на активноста | |
|---|---|
| На секој човек му е потребно... | |
| **Возраст** | |
| Развоен период (од 7 до 10-годишна возраст) | |
| **Простор/локација** | **Карактерна вредност** |
| Домашни услови | Толерантност, самодоверба |
| **Потребно време за подготовка** | **Потребно време за реализација** |
| 30 минути | 30 минути |
| **Цели** | |
| Целта е детето да се спознае себеси и да развие самодоверба со својот личен напредок, своите цели, потреби и желби; да се поттикне да ги почитува разликите (пол, етничка припадност, социјално потекло, надворешен изглед). | |
| **Очекувани резултати** | |
| Детето вербално ги искажува своите потреби и желби; ги набројува и почитува сличностите и разликите кај луѓето. | |
| **Насоки** | |

**<u>Претходна подготовка за активност</u>**
За да се потенцира што му е потребно на секој човек во животот, заедно направете список на работи кои сметате дека се неопходни. (Ова е многу ефикасно ако секој член од семејството направи посебен список). Секој член прави список и потоа го споредува со другите членови во семејството. Посочете им на сите дека треба да имаат објаснување зошто ја избрале секоја ставка на нивната листа).
Печатење на шемата од прилогот или исцртување на истата (6 - 9 празни квадрати)
Подготовка на листови хартија споени како книга.

**<u>Инструкции/насоки за играта</u>**
Секој член треба да нацрта што му е потребно на секој човек во животот. Можете да им дадете пример (љубов, пријатели, дом, храна, вода, книги и сл). Доколку се изработува книга, на децата треба да им се објасни како да спојат повеќе страници, да нацртаат корица, да напишат наслов и автори и да ја напишат содржината и илустрации по желба.

**Активност/игра**

Разговарајте за сличностите и разликите кај луѓето во светот (според бојата на кожата, бојата на очите, висината, културата, обичаите и слично).

Може да се дадат примери на сличности и разлики меѓу членовите во семејството, пријатели, познаници и слично и да се разговара за тоа како тие, па и луѓето од различни култури имаат исти потреби (прилог бр. 1 - гледајте го видеото и разговарајте); потоа се даваат насоки за изработка на книга „Секој има потреба/На секој човек му е потребно... "

Пример за прашања:

Бидејќи некој е различен, дали тоа го прави погрешно / правилно или подобро / полошо од вас? Зошто?

Треба да ги почитуваме меѓусебните разлики, па како можеме да покажеме почит... во училницата?... на игралиштето?... дома?... со сосед?... со личност од друга култура? Како би сакале со вас некој да се однесува?

Разговарајте со детето за тоа како би се чувствувало доколку се преселат во земја во која не знаат никој и не го зборуваат тој јазик. Како би се чувствувало доколку е отфрлено? Дали има стравови во однос на тоа? Како може некој да му помогне за да се чувствува подобро?

| **Прилози** | **Материјали** |
|---|---|
| Прилог бр. 1<br><br>Линк до видео од изработка<br><br><br><br><br>Прилог бр. 2<br><br>Шема со 6 - 9 квадрати со задача: нацртај, според твое мислење, што му е потребно на секој човек во животот. | Листови; боици; лепило или хефталка. |

**Активноста е подготвена од:**

Едукатори: Соња Чаловска, Весна Пецева

Графички дизајн: Катерина Николовска

Лектура: Јана Михајловска

Превод: Агим Лека

# На секој човек
# му е потребно

